**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

Бр. 03-8

Скопје 13.04.2020г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


**Предмет: Одговор на претставка**

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ја разгледа Вашата претставка (наш бр. 03-08 од 8.04.2020 година), и спроведе надзор врз прилогот објавен во емисијата „Бекстејџ", емитувана на ТВ Канал 5 на 7 април 2020 година, кој се однесува на одбележувањето на годишнината од починувањето на актерката

Агенцијата сочувствува со тагата и болката што ги чувствува семејството на прерано починатата актерка Исто така, при анализата на прилогот, беше земено предвид дека новинарите и медиумите треба при изработката на прилозите кои се однесуваат на семејни трагедии да водат сметка за личната болка и жалост.

Сепак, надзорот врз прилогот покажа дека во него не се прекршени член 48 (посебни забрани, вклучувајќи и говор на омраза) и член 61 став 1 алинеја 1 (негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, поводот за прилогот, од новинарска гледна точка, е реален – одбележување на годишнината од смртта на г Изборот на изјавите на нејзините колеги, кажани на/по минатогодишната комеморација, искористените снимки и зборовите на авторката, особено на крајот од прилогот, укажуваат дека мотивот всушност е да ѝ се оддаде почит и да се потсети јавноста на една маркантна личност. Фактот за начинот на кој почина личност позната во јавноста како по својата актерска кариера, така и по извршувањето јавна функција – градоначалничка, и е веќе една година познат на јавноста, а во прилогот нема сензационалистичко навлегување во деталите за тој чин.

Извештајот од надзорот е објавен на веб сајтот на Агенцијата.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

..............................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**